Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 08.10.2024

На 07.10.2024 во 23.40 часот во Кичево, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи при ОВР Кичево го лишиле од слобода С.З.(64) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе пакувања и неколку тегли со марихуана, дигитална вага и други предмети со остатоци од марихуана. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2024 во 15.50 часот во с.Врапчиште, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Галате го привеле Е.А.(32) од Врапчиште, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 07.10.2024 во 13.00 часот на ул.„Прилепски бранители" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода П.Р.(34) од Прилеп, кој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Прилеп за издржување на казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 07.10.2024 во 20.15 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.Р.(38) од Република Косово, со привремен престој во Скопје. Тој се сомничи дека претходниот ден го подметнал пожарот во подрумските простории на општина Тетово. Лицето било задржано во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок по член 288 од Кривичниот законик.

На 07.10.2024 во 21.30 часот на ул.„Трајче Магловски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода С.О.(26) и А.Ш.(30), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. Лицата биле приведени во полициска станица и по документирање на настанот против нив ќе следува соодветна пријава.

На 07.10.2024 во 09.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Н.(22) од село Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 11.30 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.П.(45) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 16.00 часот на Граничниот премин Табановце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Ш.А.(42) од Косово затоа што при извршена пасошка контрола и проверки било констатирано дека приложил фалсификувана полска возачка дозвола. Тој бил предаден на полициски службеници во СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 07.10.2024 во 08.29 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосницата од ул. „Македонска фаланга" со ул.„Буковска" и ул.„Индустриска" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со битолски регистарски ознаки, управувано од Т.С.(48) и мотоцикл со битолски регистарски ознаки, управуван од Д.Г.(53) двајцата од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобили возачот на мотоциклот, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 07.10.2024 во 15.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на ул.„Западен булевар" во Кавадарци се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „нисан" со велешки регистарски ознаки, управувано од Х.С.(29) и мотоцикл со кавадречки регистарски ознаки, управуван од Ф.Л.(20), двајцата од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобили возачот на мотоциклот, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 07.10.2024 во 14.25 часот во СВР Скопје, од приватна болница во Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди била донесена А.З.(85) од Скопје. Според пријавеното, околу 12.00 часот на сервисна улица која се поврзува со бул. „Крсте Мисирков" во Скопје била удрена од патничко возило, по што возачот го напуштил местото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во 09.50 часот во Полициската станица Аеродром, А.Г.(70) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2024 во 15.15 часот во Полициската станица Гази Баба, П.К.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Шуто Оризари, М.Р.(38) од Скопје пријавил дека на ул.„Брсјачка Буња" во Скопје бил каснат од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.А.(21) од селото Дебреше, општина Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурори". На 28.07.2024, полициските службеници извршиле контрола кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ј.Х.К.(58) од Швајцарија, со привремен престој во Кичево и против М.Р.(44) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При претрес во нивните домови, извршени со судска наредба, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана, саксии со стебла и семки од растението канабис, метална дробилка со остатоци од марихуана и други предмети.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Х.(52) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициските службеници од ОВР Струга и Одделението за криминалистичка полиција при МВР пронајдоа и одзедоа 119 боеви и маневарски куршуми различен калибар за пушка и автоматско оружје, 10 формациски пиротехнички средства имитатори на експлозија и пет школски и чадни бомби, кои нелегално ги поседувал.

На 07.10.2024 во 18.25 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода В.Ч.(59) од Штип, поставувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом физички ги нападнал неговата 53 – годишна сопруга и нивниот 35 – годишен син и им се заканувал со остар предмет. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (08.10.2024) во 00.15 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле А.И.(37), П.А.(39) и Л.С.(48), сите од Скопје, поставувајќи по претходна пријава дека на 07.10.2024 околу 23.30 часот на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија, го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка со Ф.С.(35) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Б.Н.(65) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица, кои се обиделе да му го одземат мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во 23.55 часот во СВР Скопје, И.Х.(44) од с.Арачиново, скопско, пријавила дека околу 23.30 часот на подрачјето на Центар, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од О.Ј.(28) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје, Б.Д.(41) од Скопје пријавил дека околу 22.45 часот во угостителски објект на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2024 во 17.45 часот во СВР Скопје, 49 - годишен маж од скопско пријавил дека околу 17.00 часот пред семејната куќа бил физички нападнат од неговиот син О.В.(18). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, В.С.(66) од Скопје пријавил дека околу 12.45 часот на подрачјето на Карпош, додека извршувал работни задачи, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во 12.15 часот, А.Ф.(35) од Кичево во полициска станица пријави дека на улица „Ленинова" во Кичево, додека го шетал неговото куче - домашен миленик, бил нападнат од кучиња скитници кои го укасале и задавиле неговото куче.

Денеска (08.10.2024) во 08.40 часот во СВР Скопје, Џ.А.(40) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Чаир, по претходна расправија, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во 18.08 часот во Полициското одделение Сарај било пријавено дека во парк во с.Сарај, скопско, со повреди од остар предмет бил пронајден З.Ш.(20) од с.Крушопек, скопско. Лицето било пренесено во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување помош, а според неговата изјава, околу 16.30 часот во парк во Сарај едно лице го нападнало со остар предмет и му ги нанело повредите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2024 во 00.30 часот, И.В.(47) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Рудничка" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2024 во 16.00 часот во Полициската станица Кочани, Ѓ.Т.(30) од с.Оризари, кочанско, пријавила дека во дворот од семејната куќа била физички нападната од соседот Ј.С.(79), кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.10.2024 во 21.50 часот во СВР Скопје, В.М.(46) од с.Дељадровци, скопско и Л.Д.(41) од нас. Илинден, скопско, пријавиле дека околу 12.35 часот на автобуска постојка на подрачјето на општина Аеродром, нивните два малолетни сина биле физички нападнати од неколку други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 07.10.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Велес, Т.С.(57) од Велес пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 07.10.2024 во 11.10 часот во СВР Штип, Р.М.(32) од Штип пријавил дека на 05.10.2024 околу 22.30 часот во Штип бил физички нападнат од А.„Н" и Е.„Н". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во Полициската станица Карпош, жена од скопско пријавила дека во текот на 2020 година нивниот роднина Б.М.(24) полово ја вознемирувал нејзината малолетна ќерка, ја соблекувал и допирал по телото и се самозадоволувал пред неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.10.2024 во 21.20 часот во Полициската станица Чаир, С.П.(66) од Скопје пријавила дека на ул.„Бутелска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 06.10.2024 во 14.06 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во објект во изградба на подрачјето на Карпош, сопственост на правно лице од Охрид. Пожарот бил изгаснат од присутните лица и Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Повредени лица нема, за настанот бил известен јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.10.2024 во 21.05 часот во СВР Битола, Ѓ.А.(73) од Битола пријавил дека на ул. „Смилевски Конгрес" во Битола бил каснат од куче скитник .

На 07.10.2024 во 00.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, С.Б.(43) од Скопје пријавила дека од домот се одалечила нејзината ќерка С.Д.(23). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.10.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник К.П.(17) од Скопје, кој ѝ претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.10.2024 во 12.20часот во СВР Битола, П.Ј.(74) од Битола пријавил дека во с.Српци, битолско, бил каснат од куче скитник .

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет